## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА ТРУДОТ НАМЕНЕТ ЗА УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО - СКРИПТА „ТЕОРИЈА НА ЕКОНОМСКИ РАСТ: ОСНОВНИ МОДЕЛИ, КОНЦЕПТИ И ПРИСТАПИ (СМЕТКОВОДСТВО И ЕКОНОМЕТРИЈА НА РАСТОТ)“ ОД АСИСТЕНТ Д-Р ДАРКО ЛАЗАРОВ, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“- ШТИП

Врз основа на нормативните акти што ја регулираат издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, со Одлука бр. 1702-137/17 донесена на 77. редовна седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 3.6.2014 год., определен сум за член на Комисија за подготовка на рецензентски извештај на доставениот ракопис за учебното помагало - скрипта со наслов **„Теорија на економски раст: основни модели, концепти и пристапи (сметководство и економетрија на растот)“** од д-р Дарко Лазаров, наменет за студентите на прв и втор циклус студии на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

По прегледот на ракописот, до Наставно-научниот совет на Економски факултет во Штип го поднесувам следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот**

Учебното помагало - скрипта со наслов „Теорија на економски раст: основни модели, концепти и пристапи” од асистент д-р Дарко Лазаров е труд од областа на економската наука - подрачјето на економскиот раст и концептуално припаѓа на новите теории на растот. Скриптата е наменета за студентите на прв циклус студии.

Ракописот наменет за **с**крипта содржи 150 страници (со формат А4, нормален проред и фонт со големина 12), систематизирани во предговор, вовед, четири поглавја, заклучни согледувања и библиографија. Трудот содржи голем број математички формули и равенки, графички и табеларни прикази. Трудот е систематизиран во вовед, четири посебни делови, заклучни согледувања и библиографија. Трудот содржи голем број математички формули и равенки, графички и табеларни прикази и различни категории прилози. Сметам дека обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат нормираните критериуми и предвидениот број часови. Насловот на трудот би можел да биде попрецизно во корелација со опфатената материја.

Трудот е поврзан со потребата за обезбедување учебно помагало – скрипта, што треба да им овозможи на студентите стекнување основни и напредни знаења од теоријата на растот, како базична дисциплина на економската теорија. Научната фундираност и теоретска основа како база за градење на квалитетно знаење на студентите се адекватни на современите искуства на напредните универзитети. Авторот на трудот се обидува на систематски начин да ги интегрира моделите на раст преку нивно математичко моделирање и дизајнирање на корисна оперативна рамка за анализа на економскиот раст. Аналитичката рамка и емпириските верификации го сместуваат трудот во ретките истражувања во оваа област публикувани во земјава. Од оваа причина сметаме дека материјалот обработен во скриптата се одликува со теоретска релевантност, како за студентите, така и за поединците и институциите кои имаат интерес во оваа проблематика.

**Краток опис на содржината на ракописот**

Трудот содржински е систематизиран во четири поглавја.

**Првото поглавје** – ***Неокласична теорија на раст*** ги елаборира моделот на R.Solow без и со технолошки прогрес, со цел да биде анализирана механиката на растот. Дополнително, во рамките на овој дел е модифициран класичниот моделот на Solow во услови на отворена економија со цел да се анализираат ефектите од отворањето на капиталната сметка.

**Второто поглавје** – ***Теорија на оптимален раст*** подразбира модификација на моделот на R.Solow без технолошки прогрес и со технолошки прогрес преку пристапот на оптимален раст. Главната идеја во моделирањето на оптималниот раст е да се анализираат факторите кои го детерминираат процесот на максимизација на користа т.е. богатството на домаќинствата.

**Третото поглавје** – ***Нова теорија на раст*** го ендогенизира технолошкиот прогрес објаснувајќи ги силите што го одржуваат долгорочниот економски раст во рамките на моделот. Во ова поглавје се објаснети трите механизми преку кои се обезбедува ендоген долгорочен економски раст. *Првиот механизам* ја потенцира улогата на иновациите и креирањето нови идеи, како мотор на економскиот раст, преку ендогено детерминиран технолошки прогрес (модел на Romer, модел на Aghion и Howitt, модел на Grossman и Helpman). *Вториот механизам* го овозможува растот преку акумулацијата на човечки капитал како ендогено детерминирана движечка сила на долгорочниот раст (модел на Lucas). *Третиот механизам на ендоген раст* се заснова на едноставно напуштање на една од стандардните претпоставки на неокласичната теорија на раст која се однесува на опаѓачкиот принос на капиталот.

**Четвртото поглавје** – ***Пристап на дијагноза на раст и HRV модел на раст*** се однесува на теоретскиот пристап на дијагноза на растот и HRV моделот на раст.

HRV моделот на раст се обидува да понуди одговор на прашањето што го ограничува економскиот раст. Одговорот на ова прашање треба да се бара во најмалку три детерминанти: 1) ниската стапка на принос на инвестициите; 2) ограничувањата на економските субјекти да ги реализираат одделни бизнис активности и идеи и 3) високата цена на капиталот. Според тематската насоченост, опфатот, теориската релевантност и методолошката комплексност, трудот спаѓа меѓу ретките истражувања и публикации поврзани со економскиот раст кај нас.

Согласно со горенаведените констатации, а врз основа на детално анализирање на содржината на ракописот, го искажувам следново

**МИСЛЕЊЕ**

Учебното помагало (скрипта) со наслов „Теорија на економски раст: основни модели, концепти и пристапи" од асистент д-р Дарко Лазаров претставува заокружена целина на значителен дел од материјата поврзана со новите пристапи во теоријата на растот, како фундаментална дисциплина ва економската наука. Концептуално и методолошки темите разработени во трудот се сместени во рамките на новата теорија на раст, збир релевантни идеи и концепти кои ги маркираат доминантните теориски пробиви во централната струја од еволуцијата на теоријата на економскиот раст, и пошироко, во целината на економската наука, во последниве децении.

Новите теориски концепти мобилизираат интензивни истражувачки напори во академската професија во светот и сериозни обиди за емпириска верификација на централните постулати и практични економски импликации за економските политики. Во суштина се работи за потрага по објаснување на централните детерминанти, механизми и ограничувања на растот. Во таа смисла трудот кореспондира и е на линијата на новите релевантни достигнувања во оваа област.

Изучување на овие економски проблеми нуди можност студентите да се стекнат со теориски сознанија корисни за разбирање на долгорочните економски процеси и методолошко подигање на математичкото и економетриското ниво потребни за разбирање на економските теории. Таквото знаење за студентите би било корисно и во изучувањето на останатите области од економската наука и во натамошното градење професионална кариера.

Врз основа на гореискажаното, му предлагам на Наставно-научниот совет на Економски факултет во Штип да го одобри за издавање учебното помагало (скрипта) со наслов **„Теорија на економски раст: основни модели, концепти и пристапи"** од **асистент д-р Дарко Лазаров**.

**РЕЦЕНЗЕНТ**

**Проф. д-р Гоце Петрески с.р.**